**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 18.12.2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 7075 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за издавачка дејност, трговија и услуги ЛИБРО ЛИБЕРО ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „Коза ностра", и тоа:

- изданието бр.10 на магазинот „Коза ностра" од 17 декември 2015 година.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 18 декември 2015 година

4. **Предмет на надзорот:**

Контролниот надзор се врши со цел да се констатира дали Друштвото за издавачка дејност, трговија и услуги ЛИБРО ЛИБЕРО ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „Коза ностра", постапило во целост, делумно или не постапило по решението за преземање мерка – опомена, кое Агенцијата му го упати по извршен редовен административен надзор. Редовниот административен надзор над овој издавач на печатен медиум беше извршен на 30.10.2015 година и со него беше констатирано дека само делумно ја исполнил обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми, според која *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум"*. Имено, издавачот на медиум, во изданието бр.6 на магазинот „Коза ностра" од 29 октомври 2015 година не ги објавил податоците за адресата на седиштето на издавачот на медиум, адресата на уредништвото на издавачот на медиум, називот на печатницата и адресата на печатницата.

5. **Претходно изречена мерка:**

Решение за преземање мерка - опомена бр.03-1129 од 04.11.2015 година, по спроведен редовен административен надзор на Друштвото за издавачка дејност, трговија и услуги ЛИБРО ЛИБЕРО ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „Коза ностра".

## 6. Констатации од надзорот:

Со контролниот надзор на изданието бр.10 на магазинот „Коза ностра“ од 17 декември 2015 година е констатирано дека Друштвото за издавачка дејност, трговија и услуги ЛИБРО ЛИБЕРО ДООЕЛ Скопје **во целост постапило по решението** и **го отстранило прекршувањето** на член 12 став 1 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***